Службен гласник

на општина Шуто Оризари

БР.15

Април, 2024 година

## Содржина

1.Одлука за утврдување на начинот за избор на членови на органите на управување во Основните училишта и детската градинка во општина Шуто Оризари

2. Одлука За доделување на еднократна парична помош

3.Одлука за формирање на Комисија за проценка на штета настаната од пожар

4.Решение за прогласување на Одлука за утврдување на начинот за избор на членови на органите на управување во Основните училишта и детската градинка во општина Шуто Оризари

5. Решение за прогласување на Одлука За доделување на еднократна парична помош

6.Решение за прогласување на Одлука за формирање на Комисија за проценка на штета настаната од пожар

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 05/2002) и член 36 од статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01/97) член 114 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/2019, 146/19, 275/19, 311/20) член 106 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19, и 229/20) и Советот на општина Шуто Оризари на ден 22.04.2024 година донесе:

# О Д Л У К А

## За утврдување на начинот за избор на членови на органите на управување во Основните училишта и детската градинка во општина Шуто Оризари

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на избор на членови на органите на управување во Основните училишта и детската градинка во општина Шуто Оризари

### Член 2

Членови на органите на управување во Основните училишта и детската градинка во општина Шуто Оризари, ќе се избираат од редот на вработени во општинската администрација.

### Член 3

Начинот на избор ќе се уреди со Правилник кои ќе го предложи Градоначалникот на општината, а со одлука на Советот ќе биде усвоен

### Член 4

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување, а ќе се објави во службен гласник на општината

Бр.08-392/13

26.04.2024

Претседател на

Совет Општина Шуто Оризари

С.р Сеад Исмаил

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 05/2002) и член 36 став 1 точка 15 од статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01/97)на својата 31-ва седница на ден 22.04.2024 година донесе:

# О Д Л У К А

## За доделување на еднократна парична помош

### Член 1

Се усвојува одлуката за доделување на еднократна парична помош на лицето Зухра Дурмишова поради тешка здраствена состојба во износ од 15.000 денари

### Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Шуто Оризари.

Претседател на

Совет Општина Шуто Оризари

С.р Сеад Исмаил

Бр. 08-393/12

26.04.2024

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 05/2002) и член 36 став 1 точка 15 од статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01/97)на својата 31-ва седница на ден 22.04.2024 година донесе

# О Д Л У К А

## За формирање на Комисија за проценка на штета настаната од пожар

Член 1

Се усвојува одлуката за формирање на Комисија за проценка на штета настаната од пожар на куќи кои се наоѓаат на територија на општината Шуто Оризари.

Член 2

Членови на Комисијата за проценка на штета настаната од пожар се:

**1.Георѓи Клинчаревски- (Сектретар на општина Шуто Оризари)**

**2.Вукослав Кесиќ –(Административен службеник - Архитект во општина Шуто Оризари)**

**3.Ерхан Фејзов – (Административен службеник - одделение за локален економски развој)**

**Сеад Исмаил – Претседател на Советот на општина Шуто Оризари**

**5.Бего Дурмишов – член на Советот на општина Шуто Оризари**

член 3

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Шуто Оризари.

Бр.08-392/18

26.04.2024

Претседател на

Совет Општина Шуто Оризари

С.р Сеад Исмаил

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 05/02) и член 45 точка 2 од Статутот на општина Шуто Оризари, (,,Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01.97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука**

**За утврдување на начинот за избор на членови на органите на управување во Основните училишта и детската градинка во општина Шуто Оризари**

1.Се прогласува одлуката за утврдување на начинот за избор на членови на органите на управување во Основните училишта и детската градинка во општина Шуто Оризари

2.Членовите на органите на управување во Основните училишта и детската градинка во општина Шуто Оризари ќе се избираат од редот на вработени во општинска администрација.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службениот Весник на општина Шуто Оризари.

Градоначалник на

Општина Шуто Оризари

С.р Курто Дудуш

Бр. 09-392/17

26.04.2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 05/02) и член 45 точка 2 од Статутот на општина Шуто Оризари, (,,Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01.97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош**

1.Се прогласува Одлуката за доделување на еднократна парична помош на лицето Зухра Дурмишова поради тешка здраствена состојба во износ од 15.000 денари
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службениот Весник на општина Шуто Оризари.

Градоначалник на

Општина Шуто Оризари

С.р Курто Дудуш

Бр. 09-392/16

26.04.2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 05/02) и член 45 точка 2 од Статутот на општина Шуто Оризари, (,,Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01.97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука**

**За формирање на Комисија за проценка на штета настаната од пожар**

1.Се прогласува Одлуката за формирање на Комисија за проценка на штета настаната од пожар на куќи кои се наоѓаат на територија на општина Шуто Оризари

2.Членови на Комисија за процена на штета настаната од пожар:

*- Георги Клинчаревски –секретар на општина Шуто Оризари*

*- Вукослав Ќесиќ – административен службеник – архитект во општина Шуто Оризари*

*-Ерхан Фејзов – административен службеник во одделение за локален економски развој*

*- Сеад Исмаил – Претседател на Совет на општина Шуто Оризари*

*-Бего Дурмишов – член на Советот на општина Шуто Оризари*

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службениот Весник на општина Шуто Оризари.

Градоначалник на

Општина Шуто Оризари

С.р Курто Дудуш

Бр. 09-392/19

26.04.2024